# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА IV КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2025 ГОДИНА НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ( ЈАНУАРИ – ДЕКЕМВРИ )

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ – К1

### РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВКУПНИТЕ ПРИХОДИ ПО СМЕТКИ ( Табела бр.1 )

- ✓ Реализацијата на основниот (сопствениот) буџет општината на приходната страна во четвртиот квартал од 2025 изнесува 85% , и истата е зголемена за 24% во однос на истиот период од 2024 година.
- ✓ Реализацијата на сметката на самофинансирачки активности на приходната страна во четвртиот квартал од 2025 изнесува 49% , и истата е зголемена за 9% во однос на истиот период од 2024 година.
- ✓ Реализацијата на сметката на дотации на приходната страна во четвртиот квартал од 2025 изнесува 96% , и истата е зголемена за 9% во однос на истиот период од 2024 година.
- ✓ Реализацијата на сметката на донации на приходната страна во четвртиот квартал од 2025 изнесува 35%, и истата е зголемена за 65% во однос на истиот период од 2024 година.
- ✓ Реализацијата на приходи на сметката на кредити во четвртиот квартал во Буџет за 2025 година и во Буџетот за 2024 година не е планирано .
- ✓ **Реализацијата на вкупните приходи на општината во четвртиот квартал од 2025 изнесува 85% и истата е зголемена за 17% во однос на истиот период од 2024 година .**

**Табела бр.1 ( Реализација на вкупни приходи по сметки )**

| Приходи по сметки план / реализација | Буџет 2025 | Реализација IV Квартал 2025 (во денари) | Реализација IV Квартал 2024 (во денари) | IV Квартал 2025 / IV Квартал 2024 (споредбено во %) | Реализација IV квартал 2025 (споредбено во %) | Останува за реализација од Буџет 2025 (во денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен буџет на општината | 320.230.343 | 272.650.186 | 219.160.209 | 24% | 85% | 47.580.157 |
| Самофинансирачки активности | 11.163.412 | 5.477.969 | 5.013.489 | 9% | 49% | 5.685.443 |
| Дотации | 317.391.524 | 305.270.908 | 281.210.832 | 9% | 96% | 12.120.616 |
| Донации | 69.878.350 | 24.379.627 | 14.791.401 | 65% | 35% | 45.498.723 |
| Кредити | 0 | 0 | 0 | 0% | 0% | 0 |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ :** | **718.663.629** | **607.778.690** | **520.175.931** | **17%** | **85%** | **110.884.939** |

**Графички приказ бр.1 ( Реализација на вкупни приходи по сметки )**




**РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВКУПНИТЕ ПРИХОДИ НА ОПШТИНАТА ПО ЕКОНОМСКА КЛАСИФИКАЦИЈА ( Табела бр.2 )**

- ✓ Реализацијата на даночните приходи на општината изнесува 83% и истата е намалена за -25% во однос на истиот период од 2024 година.
- ✓ Реализацијата на неданочните приходи на општината изнесува 72% и истата е намалена за -20% во однос на истиот период од 2024 година.
- ✓ Реализацијата на капиталните приходи на општината изнесува 90% и истата е зголемена за 267% во однос на истиот период од 2024 година.
- ✓ Реализацијата на приходите на трансфери и донации на општината изнесува 84% и истата е зголемена за 5% во однос на истиот период од 2024 година .
- ✓ Реализацијата на приходите на задолжување во земјата на општината изнесува 0% , а во истиот период од 2024 година нема планирано приходи на кредит .
- ✓ **Реализацијата на вкупните приходи по економска класификација на општината во четвртиот квартал од 2025 изнесува 85%, и истата е зголемена за 17% во однос на истиот период од 2024 година.**

**Табела бр.2. (Реализација на вкупни приходи по економска класификација)**

| Видови на приходи (по економска класификација) | Буџет 2025 | Реализација IV Квартал 2025 (во денари) | Реализација IV Квартал 2024 (во денари) | IV Квартал 2025 / IV Квартал 2024 (споредбено во %) | Реализација IV Квартал 2025 (споредбено во%) | Останува за реализација од Буџет 2025 (во денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Даночни приходи | 66.379.000 | 55.006.029 | 73.162.103 | -25% | 83% | 11.372.971 |
| Неданочни приходи | 18.795.500 | 13.520.239 | 16.954.085 | -20% | 72% | 5.275.261 |
| Капитални приходи | 134.804.211 | 120.935.614 | 32.987.932 | 267% | 90% | 13.868.597 |
| Трансфери и донации | 498.684.918 | 418.316.808 | 397.071.811 | 5% | 84% | 80.368.110 |
| Задолжување во земјата | 0 | 0 | 0 | 0% | 0% | 0 |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ:** | **718.663.629** | **607.778.690** | **520.175.931** | **17%** | **85%** | **110.884.939** |

**Графички приказ бр.2 (Реализација на вкупни приходи по економска класификација )**




## РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАСХОДИТЕ НА ОПШТИНАТА ПО ЕКОНОМСКА КЛАСИФИКАЦИЈА ( Табела бр. 3 )

**За периодот од јануари – декември 2025 година реализирани се вкупни расходи на Буџетот на општината во износ од 604.898.217 денари или 84% во однос на вкупно планираните расходи кои за 2025 година изнесуваат 718.663.629 денари.**

- ✓ Реализацијата на расходите за плати и надоместоци на општината изнесува 99% и истата е зголемена за 9% во однос на истиот период од 2024 година.
- ✓ Реализацијата на расходите за резерви и недефинирани расходи на општината изнесува 60% и истата е намалена за 35% во однос на истиот период од 2024 година.
- ✓ Реализацијата на стоки и услуги на општината изнесува 77% и истата е намалена за -6% во однос на истиот период од 2024 година.
- ✓ Реализацијата на каматни плаќања на општината изнесува 80% и истата е зголемена за 2% во однос на истиот период од 2024 година.
- ✓ Реализацијата на расходите за субвенции и трансфери на општината изнесува 75% и истата е намалена за -2% во однос на истиот период од 2024 година.
- ✓ Реализацијата на расходите за социјални бенефиции на општината изнесува 72% и истата е намалена за -53% во однос на истиот период од 2024 година.
- ✓ Реализацијата на капитални расходи на општината изнесува 68% и истата е зголемена за 96% во однос на истиот период од 2024 година.
- ✓ Реализацијата на расходи за отплата на главнина на општината изнесува 100% и споредбено во однос на истиот период од 2024 година реализацијата на отплатата на главнина е реализирана 100% .
- ✓ ***Реализацијата на вкупните расходи по економска класификација на општината изнесува 84% и истата е зголемена за 17% во однос на истиот период од 2024 година.***

**Табела бр.3 (Реализација на вкупни расходи по економска класификација)**

| Видови на расходи (по економска калсификација) | Буџет 2025 | Реализација IV квартал 2025 (во денари) | Реализација IV квартал 2024 (во денари) | IV квартал 2025 / IV квартал 2024 (споредбено во %) | Реализација IV квартал 2025 (споредбено во %) | Останува за реализација од Буџет 2025 (во денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 321.124.565 | 316.760.589 | 290.718.993 | 9% | 99% | 4.363.976 |
| Резерви и недефинирани расхо | 290.000 | 172.777 | 264.130 | -35% | 60% | 117.223 |
| Стоки и услуги | 147.338.760 | 112.884.854 | 120.298.739 | -6% | 77% | 34.453.906 |
| Каматни плаќања | 1.700.000 | 1.367.711 | 1.343.233 | 2% | 80% | 332.289 |
| Субвенци и трансфер | 32.038.519 | 23.886.310 | 24.412.330 | -2% | 75% | 8.152.209 |
| Социјални бенефиции | 1.015.000 | 727.803 | 1.564.952 | -53% | 72% | 287.197 |
| Капитални расходи | 207.786.785 | 141.729.156 | 72.238.201 | 96% | 68% | 66.057.629 |
| Отплата на главнина | 7.370.000 | 7.369.017 | 7.369.038 | 100% | 100% | 983 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ :** | **718.663.629** | **604.898.217** | **518.209.616** | **17%** | **84%** | **113.765.412** |

**Графички приказ бр.3 (Реализација на вкупни расходи по економска класификација)**



**Реализираните расходи за периодот јануари – декември 2025 година, планираните расходи со Буџетот за 2025 година и реализираните расходи за истиот период за 2024 година, кои се класифицирани по одделни програми и потпрограми во Буџетот на Општина Крива Паланка се презентирани подолу:**

### Табела бр.4 (Реализација на вкупни расходи по одделни надлежности и програми)

| Вкупни расходи на општината по одделни надлежности и програми | Буџет 2025 | Реализација IV квартал 2025 (во ден.) | Реализација IV квартал 2024 (во ден.) | IV квартал 2025 / IV квартал 2024 (споредбено во %) | Реализација IV квартал 2025 (споредбено во %) | Останува за реализација од Буџет 2025 (во денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **A – Совет на општина** | 10.302.000 | 6.601.109 | 6.086.062 | 8% | 64% | 3.700.891 |
| **V – Детски градинки** | 47.564.277 | 41.737.383 | 38.412.953 | 9% | 88% | 5.826.894 |
| **G – Локален економ.развој** | 10.043.156 | 7.784.861 | 11.126.532 | -30% | 78% | 2.258.295 |
| **D – Градоначалник** | 2.257.000 | 2.136.370 | 2.059.247 | 4% | 95% | 120.630 |
| **E – Општинс.администрац** | 80.836.000 | 75.129.364 | 73.692.177 | 2% | 93% | 5.706.636 |
| **J – Комунални дејности** | 209.395.094 | 169.299.849 | 110.922.159 | 53% | 81% | 40.095.245 |
| **К – Култура** | 40.575.801 | 20.881.550 | 20.508.411 | 2% | 51% | 19.694.251 |
| **L – Спорт и рекреација** | 24.932.943 | 6.179.308 | 2.475.333 | 150% | 25% | 18.753.635 |
| **N – Образование** | 272.412.358 | 257.916.618 | 234.156.379 | 10% | 95% | 14.495.740 |
| **W – Противпожар заштита** | 15.745.000 | 15.076.325 | 15.094.708 | 0% | 96% | 668.675 |
| **R – Зашти на животн среди** | 2.100.000 | 1.003.131 | 1.895.389 | -47% | 48% | 1.096.869 |
| **F – Урбанистичко планира** | 2.450.000 | 1.152.349 | 1.780.266 | -35% | 47% | 1.297.651 |
| **X – Родова еднаквост** | 50.000 | 0 | 0 | 0% | 0% | 50.000 |
| **ВКУПНО:** | **718.663.629** | **604.898.217** | **518.209.616** | **17%** | **84%** | **113.765.412** |

### Графички приказ бр.4(Реализација на вкупни расходи по одделни надлежности и програми)



## ОБВРСКИ НА ОПШТИНАТА – К2

✓ Вкупните обврски на општината во четвртиот квартал од 2025 година изнесуваат 86.014.160 денари од кои, доспеани обврски изнесуваат 41.818.121 денари, а недоспеани обврски изнесуваат 44.196.039 денари.

Вкупните обврски по фактури заклучно со 31.12.2025 година изнесуваат 86.014.160 ,односно:

1. Тековно оперативно обврски изнесуваат 18.661.038 денари,

2.Капитални обврски изнесуваат 67.353.122 денари од кои **обврски по развојни програми се 61.170.176 денари** и тоа:

● **JDA (2024-2027)** – реконструкција одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка ,износ од 10.468.673 денари;

● **JDB (2025-2027)** – реконструкција на дел од улица Св.Јоаким Осоговски делница од Единство до спој со пат А2,износ од 12.640.063 денари.

● **JEA (2024-2027) –** поставување на урбана опрема монтажно-демонтажен објект Катна Гаража, износ од 23.066.227 денари;

● **JNA (2024-2027)** – Изградба на спортско рекреативни и детски игралишта, износ од 13.406.523 денари;

● **LAA** – изградба на трибини на спортскиот комплекс, износ од 1.588.690 денари.

## ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ОПШТИНАТА – К3

**Задолжувањето на Општина Крива Паланка по основ на кредитирање произлегува од 2 кредита .**

✓ Првиот кредит е од земениот заем од Светска Банка преку Министерството за финансии во 2013 година за подобрување на општински услуги во износ од 51.550.539 денари , со грејс период од 3 години.Истите се искористени за изградба и реконструкција на улици и изградба на мост на Куков Дол.

**Од овој кредит останува за враќање 2.000.000 денари , заклучно со четвртиот квартал од 2025 година е исплатена дел од 2 рата со вкупен износ од 2.000.000 денари по основ од овој кредит повеќе нема задолжување САЛДО 0 денари.**

✓ Вториот кредит е од земениот заем во 2020 година од МСИП – Втор проект за подобрување на општински услуги во износ од 22.139.818 денари , со грејс период од 3 години и отпочнува со плаќање во 2023 година. Истите се искористени за регулација на минор корито на Крива Река – дел 1 во Општина Крива Паланка.

**Од овој кредит останува за враќање 16.604.863 денари заклучно со четвртиот квартал од 2025 година е исплатена 2 рата со вкупен износ од 1.106.991 денари од овој кредит останува за враќање / задолжување од 15.497.872 денари.**

✓ **Вкупното задолжување по основ на кредитирање заклучно со четвртиот квартал од 2025 година изнесува 15.497.872 денари.**